СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

Од Второ продолжение на Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 октомври 1997 година

Скопје, октомври 1997 година

**77 (СЕДУМДЕСЕТ И СЕДМА) СЕДНИЦА, II ПРОДОЛЖЕНИЕ,**

**ОДРЖАНА НА 14.X. 1997 Г.**

...ПРЕТРЕС ПО ТЕКСТОТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РМ ЗА 97 (амандманска расправа)

Т.4-стр.17, 35; Т.5-стр.30
Т.6-стр.34; Т.7-стр.38; Т.8-стр.43
Т.9-стр.70; Т.11-стр.72

1. АРСОВСКИ БРАНКО 43, 60, 64
2. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД 26
3. АТАНАСОВ ЃОРЃИ 45, 56
4. БОЈКОВ ИВАН 64
5. В'ЧКОВ ИВАН (заменик министер за развој) 7, 18
6. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН 2
7. ЗИБЕРИ НАСЕР(министер за труд и соц .политика) 56, 58
8. МАЛИНСКА ПЕРСИДА 22
9. МИНОВ ПАНЧО 48,49
10. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ 52
11. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 4
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ 46
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО 1 (ја води седницата)
14. ПЕЦОВ МИРКО 55
15. РАМАДАНИ ХИСЕН 20, 21, 29, 54
16. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН 10
17.СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 12
18. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 51
19. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА (заменик министер за финансии) 32
20. ТАНТАРОВ ВЕЉО 5, 11, 13
21. ТРАЈКОВ РИСТО 15
22.ТОДОРОВСКИ ЖИВКО (заменик ма секретарот - прозива пратеници) б5
23. ФИТИ ТАКИ (министер за финансии) 3
24. Ц'РОЈ РАМАЗАН (претставник на Владата) 38, 41

КРАЈ НА СЕДНИЦАТА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Второто продолжение на Седумдесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 октомври 1997 година

Седницата се одржа во Сала I, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 77-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Јане Ангеловски, Димитар Вревезовски, Благоја Стојковски, Владимир Соколовски, Ристо Николовски, Славе Наумовски и Теодосија Паунов ме известија дека од оправдани причини не е во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваа мнозинство пратеници на Собранието и дек Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на измени и дополнувања на Буџетот на РМ за 199 7 година.

На минатото продолжение отворив претрес по амандманот на член 3 раздел 09002 потставка 427128 раздел 12001 потставка 472026 раздел 14001 потставка 471038 раздел 288001 потставка 467014 и на разделите 09002; 12001; 14001; 28011, поднесен од пратениците Слобдан Најдовски, Слободан Даневски, Илија Каров и Славчо Чапов.

Претставникот на Владата не го прифати амандманот.

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-динот Даневски.

I/2 СЈ/ПН

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господ пратеници, господин министре, овој амандман го поднесоа пратеници од ЛДП. Инаку, амандманот се однесува на она што значи заживување на локалната самоуправа и ревитализација на селото. Знаеме дека во овие сегменти буџетот е рестриктивен и нема средства, посебно за недоволно развиени подрачја каде што се скратени со 50%, многу објекти се почнати и не завршени т.е. довршени, но не и исплатени. Сигурно дека министерот ќе има доблест и ќе ја надмине оваа ситуација затоа што ако нешто функционираше во оваа година сигурно работеше Агенцијата за недоволно развиени подрачја. Се направија многу селски чешми, водоводи, патишта, така да ова значи некоја ревитализација на оние места кои беа историски заборавени 50 години.

Сигурно, она друго што треба да се спомне е ревитализација на селото. Многу малку се посветува внимание на буџетот во однос на земјоделието и со ова сакавме малку да направиме еден стимул на месните заедници. Во одделот на Министерството за урбанизам и градежништво една ставка од буџетската резерва фативме затоа што мислиме дека може и на овој начин да се стимулира таа изградба на ниско градба, на дел од улици, патишта во локалната самоуправа.

Знаејќи каков статус има сега локалната . самоуправа, знаеме со какви средства располагаат новонастанатите општини, и старите општини дека не може да функционираат, знаеме дека стопанството е во колапс и не може да се обезбедат доволно средства за инфраструктура на објекти затоа нека биде ова еден стимул, еден поттик на новоизбраните луѓе во локалната самоуправа за да можат нешто да направат, да ги оправдаат оние гласови што им ги дадоа граѓаните.

Од овие причини се заложуваме овој амандман да биде прифатен. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Ние не го прифативме амандманот, меѓутоа, мислам дека и минатиот пат имаше соодветно образложение,. Само да потсетам тоа е моментот за Агенцијата за недоволно развиените подрачја, се исплатени околу 420 милиони денари, значи тоа не е мала сума, а исто така вие се сеќавате минатиот пат кога зборувавме дека онаа тековна резерва што се формира во буџетот едноставно ќе биде реалоцирана кон крајот на годината доколку социјалните фондови завршат своето работење без дефицити, а ние се надеваме дека тоа ќе се реализира, така да околу 150 милиони треба да се вратат според нашите предвидувања во Агенцијата за недоволно развиените подрачја. Според тоа, таа ќе биде многу малку, дефинитивно ќе биде многу малку намалена.

Во тој контекст, ги молам пратениците да имаат разбирање за овој проблем и мислам дека не треба сега да се интервенира со амандман, а тоа до крај ќе се реализира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господо, мојот колега Даневски како еден од учесниците на овој амандман воглавном ги образложи причините зошто го поднесовме овој амандман. Јас само ќе надополнам само со уште две работи.

Прво, со Законот за поттикнување на развојот на недоволно развиените подрачја во РМ вие знаете дека е определено дека вложувањата во недоволно развиените подрачја во РМ треба да изнесува по 1% од општествениот производ во РМ.

Јас реков дека ние сме како пратеници, за жал доста хендикепирани бидејќи често пати се наоѓаме во состојба сами да вадиме, односно да изнаоѓаме некои податоци и често пати не критикуваат дека изнесуваме неточни податоци што јас сепак заради тоа што имаме недоволно информации се обидов некои работи да ги разрачуванам и прорачуванам и испаѓа некаде дека Агенцијата и вложувањата во РМ во недоволно развиените подрачја изнесуваат наместо законско одредените 1% некаде 0,20 до 0,25% од општествениот производ во РМ.

Тоа претставува уште еден факт и уште едно од причините поради кои што сметам дека овој амандман треба да се поддржи.

Следниот факт и следната причина, јас и во дискусијата која ја имав по однос на предлогот за донесување како и расправата која што се водеше овде во Парламентот реков дека ние како Собрание, како Парламент на РМ не смееме да дозволиме ни најмала можност за не алуцирани односно неточно одредени просторни ставки во буџетот на РМ. За мене, просторните ставки тековни резерви, други оперативни трошоци, други наменски трошоци или незнам како не претставуваат

ништо друго туку оневозможување на Парламентот точно да ги одреди просторните ставки во буџетот на РМ, а со тоа предвреме да оневозможи било какво ненаменско трошење на финансиските средства прибрани од граѓаните.

Затоа сметам дека овој амандман сите оние колеги пратеници кои што се залагаа во својата дискусија за недоволно развиените подрачја во РМ фактички се сега на испит дали како пратеници ќе го поддржат за она што тие навистина се залагаа или само демагошки се однесуваа на оваа говорница, кога сметаат дека треба РМ да вложува во недоволно развиените подрачја во РМ.

Нормално не би сакал повеќе да зборувам, мислам дека г-динот Даневски образложи доволно зошто предлагаме да се зголемат ставките за водовод и канализација во РМ бидејќи ако погледате буџет на некои новоформирани општини ќе видите дека буџетот кој што со законски одредби од ова Собрание им е определен не им стига ни за лични доходи на градоначалник, а камоли понатаму било што да вложува.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? Г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, господинот Слободан Најдовски на последнава седница имаше убаво образложение во врска со овој амандман и јас тоа го прифаќам во целост. Овој амандман ќе го поддржам.

Денес во врска со овој амандман имавме уште две дискусии, посебно за Агенцијата за развој. Јас би сакал да дополнам некои работи околу работата на оваа Агенција и оправданоста од укинување на 50% од средствата што таа треба да ги потроши.

Најпрвин да изразам едно жалење што ние како Собрание не успеавме да го погледнеме извештајот на оваа Агенција за нејзината работа во годината што измина. Во тој извештај убаво се набележани сите нејзини резултати.

Да напомнам дека во последните 3 години оваа Агенција низ нашите села, посебно во ридско-планиснките, пограничните села и во селата што имаат третман на заостанати села направи вистински бум околу решавање на тие селски комуналии. На овој план Агенцијата во која што има добри луѓе, добри стручњаци, добар директор, за овие 3 години има изградено 466 км патишта низ нашиве села. Тоа е една фрапантна бројка која мора да ја цениме. Има изградено околу 400 км. водоводи. Има изградено 43 км. пристапни патишта до селата, односно патишта по кои досега се оделе по кал. Натаму, има изградено 104 училишта низ нашиве села. Дали овие податоци не говорат дека на овој план не треба да се кастри, како Агенција.

Натаму, сакам да потсетам на некои други активности на Агенцијата. Агенцијата според законот со кој што е формирана има обврска да се грижи и за уште две други намени.

Прво, да го плаќа осигурувањето на земјоделците што живеат во ридско-планинските и пограничните села и да останат таму, да не се иселат, да не тргнат по патот на оние што избегаа во градовите или надвор од нашава држава.

Во 1996 година оваа Агенција на овој план има одобрено некаде околу 1300 поединечни барања со кои што му се плаќа здравственото осигурување.

Агенцијата плаќа пензиско и инвалидско осигуруваше за околу 3000 земјоделци кои што имаат навршено над 50 години живот и жени до 50 години, со услов и тие да останат на тоа подрачје да не емигрираат односно селото да не се раселува.

Од тие причини сметам дека навистина овој амандман треба да се поддржи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи повеќе никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (16)

Констатираме дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 0902, потставка 427128, поднесен од пратениците Панчо Минов, Ристо Николов и Лазар Димов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Таки Фити, министер за финансии.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (11)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3, раздел 09002, потставка 442011, и на раздел 04002, потставка 425010, поднесен до пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 10001 10002 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ: .**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, 12001, поставка 426016 раздел 05001, потставка 423106, раздел 06001, потставка 423114 и раздел 10002 потставка 440057 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-дин Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 112001, потставка 472026 и раздел 10002, потставка 444057, поднесен од пратеникот Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Таки Фити.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Г-динот Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, јас сум тука само заради објаснување, се работи за префрлување на 20 милиони денари од стоковните резерви во Министерството за урбанизам и тоа за водоснабдување. Мислам дека овие средства не се толку големи средства за да не може да ги прифати министерот со оглед дека с префрлуваат средства од стоковите резерви, кога се има во предвид ситуацијата какви ни е со водоснабдувањето во селата. Имајќи во предвид дека денеска е најнеопходна за живеење, имајќи во предвид дека овие средства сепак ќе се употребуваат односно се зафаќаат дел од вработените во градежништвото кои и те како имаат проблеми затоа што немаат работа, затоа сметам дека овој амандман би требало да се прифати најмалку од пратениците кои што потекнуваат или доаѓаат од такви села и такви предели каде што ги имаат истите проблеми како што ги имам јас на мојата територија, а верувам и длабоко сум убеден дека не се работи само за мојата територија, туку се работи за нејнеопходни средстдва за снабдување на голем дел на приградски населби и села.

Ги молам пратениците да го поддржат амандманот.

(Во 11,55 часот со седницата продолжи да раководи г-динот Блаже Филиповски, потпретседател на Собранието)

II/1.- ВД/ЉР

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17 )

Констатирам дека Амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот член 3 Раздел 14001, потставка 471038 и на член 2 ставка 420 поднесена од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Тантаров

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Во изминатиот период од Буџетот се избркани земјоделците, нека премии, нема субвенции, нема регреси.

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство постоеше една ставка што се викаше Програма за ревитализација на селото. Таа долго време беше укината. Минатата година се додаде и таму беа воведени 20 милиони денари. Сега со оваа кастрење на Буџетот, така го вика министерот кастрење на Буџетот овие 20 милиони денари се бришат.

II/2.-

Господо, ова не се големи пари. Тоа се мали пари, а меѓутоа таму каде што се вложуваат, како што рече Дамевски, за градење на чешми по селата, патишта, за мали акумулации и други намени, за селава наши се големи пари.

Јас предлагам овие средства да останат а наместо тоа да се скуси дел од средствата што се користат за патување во странство Се надевам дека пратениците ќе го прифатат овој амандман.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван г-дин потрептседателе, почитувани пратеници, починувани министри,

Јас не можам да ве сфатам во личноста на излагањето на претходникот. Толкава дволичност за овие четири години само една личност се истакнува, а ќе ви кажам.

Г-диниот се залага за земјоделие и за земјоделците, за развој на селото, за развој на неразвиените краишта, меѓутоа тој заборава, или веројатно, можеби не знае дека тој е еден од тие кој е во владеачката партија и кој треба да придонесе преку Буџетот и преку сите други инструменти тоа да до направи. Сега тој тоа не го прави кога треба да гласа за Законот, за амандмани на закони,а сега плаче на говорницата и вели дека Владата ги зема парите од земјоделците. Трајно небулозно и мислам дека тоа дефинитивно покажува еден однос на еден пратеник.

II/3.-

**ВЕЉО ТАНТАРОВ;**

Прво, овој пратеник не знам што сака да каже овде.

Јас откога сум во ова Собрание се борам за правата на земјоделците, а дали на групата пратеници на која што и припаѓам сега и се бендисува тоа мое барање или не, тоа е друга работа.

Јас сега би го прашал г-динот, бидејќи и тој честопати се залага за селото и земјоделците, да стане на говорница и каже кога се сее пченицата.

**БЛАЖЕ ФИЛИП0ВСКИ:**

Ве молам на Собранието обраќајте се.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

На прашањето мора да се одговори.

Јас верувам во специјалности. Јас сум човек кој се бави и се бавел со информатика и знам тоа како се прави на најдобар начин. Оставам на тие што се специјалисти во сите области, да го прават и знаат тоа најдобро. Ако би ги измешале лончињата, тогаш би биле катастрофална земјата.

**БЛАЖЕ ФИЛИП0ВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?Никој) К

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 14001 потставка 4701038 и раздел 10002, потставка 4544057 поднесен од пратениците Вељо Тантаров, Драган Горгиев, Ристо.Трајков, Борис Павлов,

Ване Наумовски, Петре Трајановски, Санде Џамбазов и Љупчо Беличев.

Го молам претставникот на -Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отоврам претрес по амандманот на член 3 раздел 18001 потставка 441163, раздел 10001 потставка 444057 поднесен од пратеникот Мевљан Таири.

Го молам претставникот да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на рездел 21001 ставка 426 потставка 426091 и раздел 15020, ставка 443 потставка 443182, поднесен од пратениците: Ристо Трајков, Борис Павлов, и Драган Горгиев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Во образложението на овој амандман рековме дека катастарот е лична карта на државата. Во моментот Државата нема лична карта. Нема лична карта од многу причини. Узурпацијата во Државата е проблем број еден во имовинска смисла. Голем број од површините не ги знаеме сопствениците, а тоа е рудник на богатство за државата што не знаеме да го искористиме, баш од тие причини што немаме податоци од лице место кој таа површина ја користи сега и немаме кој да оданочиме, нема на кој да наплатиме профит од ова земјиште.

Друга причина седи дивоградби. Сите дивоградби, односно во поголем дел се изградени во општествено земјиште. Исто така со овие објекти не е регулиран статусот на сопственоста и не можеме да го регулираме се додека не воспоставиме катастарска подлога или евиденција на овој имот.

Трета причина е, еве сега во последно време актуелен е Законот, односно Предлогот на закон за денационализација. Денационализацијата не можеме да ја спроведеме ако немаме евиденција. Анкетните листови што во меѓувреме се правеа за имотот на сопствениците покажаа една нереална состојба, токму од тие причини што немаме податоци колку од површината. Конкретно во Струмица побарувањето во однос на земјоделските површини беше поголемо во однос на тоа што Струмица како земјиште го располага во моментот. Се е ова поради тоа што ја немаме оваа ситуација сега од лице место, односно немаме ажурност во согледување на состојбата, немаме

податоци, конкретно, за Просторниот план на Републиката. Со него се регулираат многу позиции.

Сега во моментот Државата, односно Јавното претпријатие изработи Програма за урбанизација на населените места. Не можат да се направат урбанистички планови баш од тие причини што немаме катастарски подлоги.

Мислам дека има потреба овој амандман да биде прифатен и од една друга причина што министерот во образложението на ребалансот рече дека Управата за приходи ќе наплака повеќе од тие 94, колку се наплаќаат приходите затоа што таму има сега односно Управата за приходи е устручена, односно има донесено компјутери итн. Спротивно на тоа, и оваа Управа е државен орган. Таму луѓето немаат ни пантлики за работа , а камо ли компјутери. Мислам дека овој амандман треба да се прифати.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (17)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Во меѓувреме, пратениците: Персида Малинска, Слободан Богдановски и Драгољуб Поповиќ поднесоа амандман на член 3 раздел 18001 потставка 420077 и 420085 и раздел 18001, потставка 426130 по кој Владата не се произнесе.

Отворам претрес по овој амандман.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот за измени и дополнувања на Буџетот на РМ за 1997 година.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот за измени и дополнувања на Буџетот на РМ за 1997 година го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (8)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ги донесе измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 1997 година.

Минуваме на точка 4 - Предлог на закон за Државната статистика.

- Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени,

II/8.-

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**В’ЧКОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници,

Денес расправајќи по Предлогот на законот за државна статистика правно се заокружува за многу значаен однос, посебно во делот на прибирањето, обработката,презентирањето, чувањето, заштитата, издавањето на статистичките податоци, понатаму методолошките и организациони основи на статистичките истражувања, како и регулирање на субјектите кои се повикани за извршување на овие задачи.

Убедени сме дека и законските решенија се создаваат услови за обезбедување на основните индикатори за креирање на економската политика, како и создавање услови, појавите што се опсервираат ја рефлектираат реалноста на најдобар начин.

Должен сум да ве информирам дека новост во оваа законска регулатива претставува воведување на еден нов институт, а тоа е Советот за статистика на РМ кој е замислен како советодавно и стручно тело на Државната статистика.

Исто така должен сум да ве информирам дека со донесувањето на овој закон престануваат да важат законите кои се однесуваа на оваа проблематика а беа регулирани во Законот за статистички истражувања.

Сега конкретно би се задржал во однос на предлозите од Собраниските комисии.

Кокцијата за економска политика и развој предлага во член 12 став 1 алинеја 12 да се мени и да гласи: "За својата работа

Советот поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија".

Владата го прифаќа овој Амандман.

Предлагачот Бранко Арсовски предлага во членот 23 зборот "посебни" да се брише. Исто така Владата го прифаќа овој амандман.

Во однос на амандманот на член 37 став 2 зборовите: "не разумно" да се бришат, исто така од предлагачот Бранко Арсовски, Владата не го прифаќа овој амандман.

Предлозите од ЗПК во однос на член 50 став 2, по зборот "Буџет" да се додадат зборовите "на Република Македонија" и во член 64 став 1, зборот "да" да се замени со зборот "не", се прифаќа.

Должен сум, да ве информирам и за предлозите кои беа во комисиските расправи а не се прифатени до Владата, а се однесуваат на следното: Овластени носители да бидат и научните институции.

Ова не го прифаќаме од причини што основна работа на научните институции не е прибирање на статистички податоци, туку тие се занимаваат со научно истражувачка работа. А исто така, за оваа активност постои соодветен надлежен орган, основен за овие активности.

Во однос на меѓународната соработка да не се извршува со Министерството за надворешни работи, исто така не го прифаќаме од практични причини затоа што целокупната активност со надворешните субјекти е регулирано преку Министерството за надворешни работи.

Предлогот, Заводот да се формира како агенција не се прифаќа од причини што тој не се вклопува во концептот на овој закон

Исто така барањето таксативно да се набројат овластени носители, не го прифаќаме од практични причини што тоа би го оптеретило Законот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПВОСКИ:**

Дали уште некој бара збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван г-дин потпретседателе, почитувани колеги.

Јас акам само неколку збора , евентуално и да стигнат некои амандмани бидејќи верувам дека има уште некој такви кој се подготвуваат а не се пристигнати но и некои работи да ги кажам што сакав со тоа да се подобри текстот.

Најпрвин да кажам дека е добро и време е да се донесе закон за државната статистика, затоа што со претходните закони ние немавме институт во тогашната Република Македонија, Државна статистика. Тоа беше Закон за статистички истражувања што беше дел на вкупните статистички истражувања во бивша Југославија. Мислам дека Законот ги задоволува оние потреби кои се предвидени и со меѓународни норми а исто заокружувањето на задачите на една држава во смисла на собирање на сите податоци релевантни за состојбата и развојот на земјата. Напоредно со тоа сакам да искажам само неколку прашања кои се обидов и во вид на амандмани да ги предложам, па ќе видам како претставникот ќе ги сфати односно ќе определи за нив.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Прво, мислам дека во Законот малку прелесно се употребува поимот и терминот "истражување". Значи, "статистичко истражување", односно "истражување воопшто". Уште во членот 3 се измешани двете работи. Измешани се поимот "прибирање на статистички податоци и нивна обработка" со научно-истражувачка дејност на статистички податоци. Затоа,мислам дека оваа категорија треба да се подели во два дела. Во дел за обработка на податоците, како еден методолошки пристап во статистичките дејности и истражувачката работа на статистичките податоци кои што, еве овде како што гледате, категориите што сте ги навеле сосема се подвојуваат. На пример, (подготовка, обработка, анализа и искажување) од една страна и од друга страна (прибирање, складирање, чување и тн.), податоци што се заедно не може да се сведе под истражувачка, односно под научна дејност.

Втора забелешка, која мислам еве треба да се види и тоа го сакав, бидејќи ова е завршна фаза, да се види дали со амандман тоа може да се рече, и има подготвен за тоа амандман е во членот исто така 3, во алинеите 7, 8 и 9. Се работи за следното, дали под индивидуални податоци можат да се сведат и податоците на правните лица. Бидејќи терминот индивидуалност, индивидуа е врзана, главно, за физички лица. Или треба правните лица да се каже се работи за посебни податоци и тоа да се дефинира како објект на прибирање на податоци од правните лица, додека индивидуалните податоци да останат она што е природата на зборот и индивидуалитет, да остане за физичките лица, за да имате почиста концепција околу единиците за прибирање на податоците воопшто.

Јас мислам дека терминот"осетливи податоци",не оди во Законот. Прво, "осетливи", не е наш збор, треба да се каже "чувствителни податоци". Но, и "чувствителни" е мотив на категорија и не иде во Закон,

тоа се веројатно некои деликатни податоци за кои треба посебен однос и треба да се најде термин. Јас предлагам да биде "деликатен" а ако не е добар, може да се најде и подобар. Но во секој случај "чувствителен или осетлив податок", мислам дека не иде и мислам дека во членот 4 зборот "неутралност" е неупотребен, затоа што стручна независност треба да биде тоа што треба да ја обезбеди неутралноста на државната статистика, а оваа неутралност значи и повеќе нешто може да значи. Мислам дека би требало да предложам да се размисли во текот на оваа расправа за членот 14, алинеја 4. Под методолошки основи за статистички истражувања викате се содржи следното "известување за обврската за задолжително давање на податоци или не". Мислам законски дикцијата така не оди. Веројатно намерата ви е да кажете дека под тие методолошки истражувања се содржат и стандарди за обврската кога се даваат и не се даваат статистички податоци. Критериуми или нешто друго кога се даваат или не се даваат статистички податоци, оти знам оти тој институт ви треба. Меѓутоа, овде како што сте го кажале, мислам дека ќе ви претставува тешкотија за негова реализација. Значи, претходно постојат критериуми за тоа кога се даваат или не се даваат и врз база на тоа институцијата постапува. Добро, има уште некои терминолошки поправки, кои мислам не се толку битци и благодарам за вниманието.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

За збор се јави госпоѓа Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

пратеници денес закон за државна забелешки на

Почитуван потпретседателе, почитувани имаме на дневен ред многу битен закон Предлог на статистика, кој е веќе во крајна фаза со

многуте претходниот дискутант се сложувам, но мислам дека сите негови предлози по однос на индивидуалните податоци, кои што беа спомнати по однос на правните лица и осетливите податоци, сето тоа може да се, исто така, регулира и во програмата за статистичките истражувања. Во глобала поголем број од предложените мислења, предлозите и сугестиите од расправата собраниска и од комисиските расправи, фактички се вградени во законот, односно во Предлог - законот за државна статистика. 0&а е многу битно бидејќи функционирањето на статистичката дејност во нашата држава е многу битно да биде усогласена и терминолошки дефинирана и со Уставот на нашата држава, со Законот за органите на управата, со Законот за заштита на личните податоци, со Законот на органите на управата, документите на Актот за статистиката на Европската Унија број 32297 со Конвенцијата на Советот за заштита на индивидуите во однос на автоматска обработка на податоците, со препораките на Советот на Европа и со документите на Обединетите Нации. Ваквото усогласување ќе придонесе во обезбедување споредливост на податоците, кои ќе можат да се публикуваат во изданијата на меѓународните организации и асоцијации, во кои Република Македонија членува, па и пошироко во светот.

Тезата транспарентност и јавност на статистичката дејност е прв и основен принцип во спроведувањето и на другите принципи и објективност на стручната независност, доверливост, рационалност итн.

Професионалниот пристап ќе се обезбеди во соодветна корелација на само помеѓу единствените стандарди, методолошките основи на статистичките истражувања, како и програмата за статистичките истражувања. Јас денес сакам да зборувам за постоење на една корелација, неопходна потреба за единствените стандарди за методолошката основа за статистичките истражувања, како и програмата

за статистичките истражувања. Потребно е во нашата држава дефинирање на точно утврдени единствени стандарди, кои фактички ќе придонесат за поитно вклучување и прилагодување кон општо прифатените стандарди од членките на Обединетите Нации од Европска Унија и Советот на Европа за оваа област. За оваа цел, исто така, програмата ФАРЕ обезбеди стручна помош за едукација на наш стручен кадар во државата, за да се успее точно, прифатливо и практично да се дефинираат и единствените стандарди, и методолошката основа и инструментите за статистичките истражувања и идентификациите и номенклатурите и класификациите. Иако со овој закон се регулира нивното објавување во "Службен весник" поединечно, меѓутоа, неопходно е потребна взаемната поврзаност и одредената корелација. Од овие причини предлагам при изготвувањето, значи следната фаза на методолошките основи за статистички истражувања, општите методологии, единствените стандарди да се, всушност и појдовна основа за утврдување на доктринарните ставови на статистичките истражувања. А општата методологија да биде предуслов за подготовка на програмата за статистички истражувања во наредниот период. Согласно со овој закон, фактички, во период од 1997 до 2001 година. На овој начин ќе се овозможи стручно изготвување на посебните методологии, кои ќе бидат исто така засновани врз стручно изготвена општа методологија. На овој начин во делот, пак, каде Република Македонија спроведува, исто така, истражувања врз основа на меѓународни договори и соодветни акти на Владата, ќе можат да се регулираат, пак, во рамките на програмата за статистички истражувања.

Исто така, методолошките основи кои, всушност не се усогласени со меѓународно прифатените норми и стандарди во овој закон им се дава можност овластените носители да ги донесуваат по претходно

мислење на Заводот. Меѓутоа, практиката покажува дека во земјите со добро развиен информативен систем се применуваат методолошки основи, кои се исклучиво усогласени со меѓународно прифатените норми и стандарди за да статистичките податоци бидат споредливи со меѓународните статистички податоци.

Затоа, ме интересира и барам едно објаснување од предлагачот на кои методолошки основи се мисли во законот да не мора да се усогласуваат со меѓународните норми и стандарди. Мислам дека тука треба точно да се дефинира, за да потоа во практиката и нема проблеми.

На крајот, би сакала од практични причини за подобро функционирање и обезбедување на статистичките податоци во смисла за состојба и движењата на економијата, човековите ресурси, демократијата итн., да има еден професионален пристап и тоа при една подобра организациона поставеност. Заради тоа предлагам од формално правен аспект, одделенијата за статистика, кои што се во внатрешност ана државата, па и овде во Скопје, да прераснат во единици за одреден регион, со што и ќе се овозможи тие да се подигнат на повисоко организационо ниво, да се изедначат со другите подрачни единици на фондовите, на заводите во државата во рамки на законските надлежности и овластувања што ги има Заводот за статистика.

Јас и не поднесував амандмани, мислам дека сите мои забелешки, а и уште еднаш ќе повторам, се согласувам со забелешките на претходниот дискутант, мислам дека во сите подзаконски акти по донесувањето на Законот за државна статистика, би требало да се вградат, за да во практика многу полесно се работат статистичките податоци.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

III/6.-

За збор се јави Газменд Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници и почитувани министри и членови на Влада. Излегов на говорница да кажам некои мои гледања по однос на понудениот Предлог-закон за државна статистика.

Прашањето кое е на дневен ред и за кое денеска се расправаме заслужува доста внимание од аспект на значењето на статистиката. Во една моја дискусија по повод Предлог-законот, јас кажав дека статистиката е многу важна, има различни гледања по однос на тоа дали е метод, дали е нешто друго, меѓутоа, сепак претставува една компонента доста важна, особено ако се има предвид прашањето кога се работи за следењето на одредени појави и нивното евидентирање. Јас во мојата дискусија по однос на Предлогот за донесување на закон кажав и се ангажирав за тоа, со статистички истражувања да бидат дадени можности да можат да се бават и научните институции. Меѓутоа, од образложението кое што го прочитав, кое е приложено со Предлог-законот се кажува дека таква определба не е прифатена, бидејќи такво било искуството во другите земји и немало искуства со такви истражувања за целите на државната статистика да можат да се бават и научните институции. Јас и натаму настојувам и мислам дека добро би било таква компонента да се внесе во Предлог законот, бидејќи мислам дека е одржилива тезата со научни истражувања од областа на државната статистика, можат да се бават и научните институции. Особено од аспект ако се работи за одредени прашања, кои што се повеќе, да кажам, стручно-научни, научно поддржани, односно со своја темелитост во науката. Мислам дека една таква определба само ќе значеше напред во однос на прашањата со кои се бави научната статистика.

III/7.-

По однос на некои други прашања кои што тука беа изнесени при Предлогот аз донесување на закон, мислам дека доста работи се направени, односно се прифатени и заслужува законот да биде поддржан од страна на пратениците. Јас само по прашањето на членот 5 кажав дека би бил за тоа со научни истражувања во областа на државната статистика може да бидат прифатени и бавењето на научните институции.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 23 член 37 став 2 по кои Владата не се произнела.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 12, став 1 за менување на алинеја 10.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 36 став 1, член 50 став 2 и на член 54 став 1.

Отворам претрес по амандманот на член 12, став 1, за менување на алинеја 10, поднесен од Комисијата за економска политика и развој.

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата, заради процедура, тој го соопшти своето, меѓутоа, да се произнесе.

**В'ЧКОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

III/8.-

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 23, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски и го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот заменик министер В'чков.

**В'ЧКОВ**

Владата го прифаќа амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 36, став 1, поднесен од Законодавно-правната комисија. Со овој амандман се согласи повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В'ЧКОВ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:** '

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 2, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски и го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В'ЧКОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот...

Го повлекува амандманот господинот Арсовски.

Отворам претрес по амандманот на член 50, став 2, поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В'ЧКОВ:**

Владата го прифаќа предлогот.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Повелете, јас се извинувам, господинот Хисен Рамадани се јави за збор.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Техниката малку доцни и јас се извинувам и го молам претседавачот за две минути ако може да дојдат амандманите. Викам дека техниката малку доцни, не се стигнати амандманите и ако може за две минути да се почека.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Добро, да почекаме малку, господинот Хисен Рамадани најавува амандмани. Молам таму да се ургира техниката ова да се направи.

Имам информација дека ќе потрае малку ова околу пишувањето на амандманите, бидејќи е во тек. Јас ви предлагам да поминеме на следната точка и тогаш кога ќе дојдат амандманите, да се вратиме назад.

III/10.-

Дали го прифаќате мојот предлог? (Го прифаќаат).

Минуваме на точка 5 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и забавните игри, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

Кој е за, молам да крене рака? (57 пратеници).

Дали е некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Молам, да се утврди точниот број на пратеници во салата Молам, за информација за точниот број на пратеници.

Имам информации дека 65 пратеници се присутни во салата

Ќе го повторам гласањето.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

67 пратеници.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои понудениот заклучок. Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеници)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за финансирање поднесе амандман на член 5 став 2 по кој Владата не се произнесе.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман за менување на член 9.

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 5 став 2 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Горѓи Атанасов, поднесе амандман за нов член 6-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Панчо Минов, поднесе амандман за додавање нов член 6-а по кој Владата не се произнела.

IV/2.-

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи со прифаќањето на овој амандман би дошле во спротивност со член 41 од постојниот закон каде што стои дека добивките може да се исплатат во денари но и во странска валута.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака? (3 пратеници) В

Констатирам дека, амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот -на член 5 став 2 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман, бидејќи се работи за грешка при отчукувањето на овој член од Законот.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а поднесен од пратеникот Горѓи Атанасов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

IV/3.-

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 6-а поднесен од пратеникот Панчо Минов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата не го прифаќа овој амандман бидејќи смета дека намалувањето во квадратурата во која што треба да се одвива работата околу игрите на среќа, премногу се намалуваат. Таму претежно се како играчи деца на помала возраст и сметаме дека 20 м2 како што е во текстот на законот е сосема задоволителна.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за,молам да крене рака?(1 пратеник)

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 поднесен од Законодавно - правната комисија.

Со овој амандман се согласил претставникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, со корекцијата во амандманот поднесена од ЗПК Владата се согласува.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Амандманот значи е прифатен.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(61 пратеник)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменува- н>е и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавни игри.

Минуваме на точката 6 - Предлог за донесување на закон за овластување организација за изработка на пригодни ковани пари, со Предлог на закон.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Мора да интервенирам бидејќи има уште еден амандман од господинот Горѓи Атанасов и тоа се однесува на член 18.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, јас мислам дека ние го усвоивме законот. Сепак требаше да се интервенира на време. Заврши процедурата, деловнички не можеме да се навраќаме.

Предлогот на закон, со Предлог на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за овластување на организации за изработка на пригодни ковани пари.

Кој е за, молам да крене рака? (58 пратеника).

IV/5.-

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Молам да се утврди точниот број на пратеници.

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека 66 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (60 пратеници)

Дали е некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара; збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (60 пратеници.)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за овластување и организација за изработка на пригодни ковани пари.

Амандманите на господинот Хисен Рамадани Ви се доставени, сега се враќаме на точката 4.

XV/6.-

Предлог на закон за државната статистика.

Во меѓувреме пратеникот Хисен Рамадани, поднесе амандмани на член 3 за менување на став 2, член 3 за додавање нов став 3, член 3 став 8, член 3 за менување на став 9, член 3 став 10, член 4, член 14 став 1, за менување на алинеа 4 и на член 36 став 2 по кои Владата не се произнела.

Со седницата продолжува да претседава Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В'ЧКОВ:**

Заменик министер за развој

Владата не го прифаќа овој амандман од причини што во претходното законско решение е подобро решено ова прашаше, бидејќи се работи за една целосна заокружена целинана сите овие постапки од моментот на прибирање до моментот на таа обработка на податоци.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Не треба објаснување дека има разлика помеѓу научно истражување и методологија на собирање на податоци. Јас изјавувам сега сите амандмани што нема да ги прифати претставникот на Владата ги повлекувам. Но затоа предлагам сите по ред да се читаат. Значи овој амандман го повлекувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 3 за додавање нов став 3, поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

IV/7.-

Го молам претставникот на Владата.

**В’ЧКОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот господин Хисен Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 8 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В’ЧКОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот господин Хисен Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 за менување на став 9 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В’ЧКОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот господин Хисен Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 10 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В’ЧКОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекува амандманот господин Хисен Рамадани.

Отворам претрес по амандманот на член 4 поднесен од пратеникот Хисен Рамадани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**В'ЧКОВ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Чувствувам дека претставникот на Владата не Владата не ја сваќа добронамерноста на предлозите, дека повеќе емотивно ги одбива отколку резонски и затоа ги повлекувам сите амандмани.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот. Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за државната статистика.

Минуваме на точката 7 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воена академија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со предлог на закон, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**РАМАЗАН Ц'РОЈ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани министри, почитувани дами и господа пратеници,

IV/9.-

Со Законот за воената академија кој беше донесен 1995 година се уредени условите за прием на питомци на воената академија. Нивното сместување, нивните права и обврски и времето за време на студиите на академијата и другите прашања. Со член 25 од истиот закон за воената академија се предвидува можност за прием на лица на стручно оспособување и усовршување на службите на копнената војска на Армијата на Република Македонија по пат на конкурс на начин и постапка како и за прием на кандидатите за питомците за воена академија. Според постојната регулатива на стручното оспособување и усовршување на службите на копнената војска на Армијата на Република Македонија можат да бидат опфатени само лица од машки пол. По укажаната потреба на Министерството за одбрана е распишан конкурс за прием на лица за стручно оспособуваше и усовршување за службите на копнената војска; на Армијата на Република Македонија за што се пријавени лица од женски пол кој ги исполнуваат бараните услови, освен условот за отслужување на воениот рок. Поради што правно и формално не можат да бидат примени односно опфатени на стручно оспособување и усовршување. Од овие причини се наметна потребата за изменување и дополнување на Законот за воената академија за да можат да обезбедат рамноправни услови за учество на кандидати за заинтересира* за прием на стручно оспособување и усовршување на службите на копнената војска на Армијата на Република Македонија. Со овој закон се обезбедуваат следните начела. Право на работа и слободен избор на вработување достапност на секое работно место, подеднакви услови, право на образование и усовршување секому под еднакви услови, регулирање на неуредените односи во областа на образованието за кадри за одбраната. Поради тоа се наметна и потребата за изменување на неколкуте членови од овој предлог закон. Во членот 25 став 3 зборовите "го отслужиле воениот рок" се бришат по член 25 се додава нов член 25-а кој гласи: "На лицата упатени на стручно оспособување,

IV/10.-

соодветно се применуваат:; одредбите од член 16 член 18 и член 19 и член 24 од овој закон.

**РАМАЗАН Ц’РОЈ:** (Продолжение)

Со Предлогот на овој закон, имено и со членовите кои се предлагаат овде се стекнува право по прв пат на нашата Воена академија да учествуваат кандидати кои имаат завршено високо стручно образование и тоа тие да не бидат постари од 28 години, потоа тие се здобиваат со право , односно со звање питомец и нивното сместување, школување се знае дека ќе биде интернатски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за воена академија.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

62 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Никој)

V/2.-

Дали некој се воздржува од гласање? ( 1 пратеник)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната Комисија поднесе амандман на член 2.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од Законот давно-правната комисија.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**РАМАЗАН Ц'РОЈ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласан>е.

Кој е за, молам да крене рака?

68 пратеници гласаа за.,

Дали има некој против?(Никој)

Дали некој се воздржува? (Никој)

V/3.-

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменуваше и дополнуваше на Законот за Воена академија.

Минуваме на точката осум - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, Мислењето на Владата и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

предлагачот на законот, пратеникот Бранко Арсовски на седницата на Комисијата за труд и социјална политика се согласи со Предлогот на Комисијата на оваа седница да се разгледа само Предлогот за донесување на закон.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани пратеници. Само неколку реченици би кажал како коментар на она што го предложив во законот бидејќи имаме една многу мала измена доста суштествена, а се работи за една категорија на граѓани кои се надвор од сите други законски проекти . И во тој однос јас како пратеник на овој Парламент и претставник на Социјалистичка партија на Македонија преку мојата пратеничка група направивме напори пак да извршиме една мала интервенција во овој Закон за пензиско и инвалидско осигурување со единствена цел . Главната цел беше да ги изедначиме сите трудови инвалиди во рамките на одредено право. Свесни сме дека во јуни месец донесовме Закон , измени и дополнувања на Законот за  пензиско и

инвалидско осигурување и во тој дел ги заштитивме само трудовите инвалиди кои останале надвор од работен процес поради стечај, или ликвидација на претпријатието, додека сите други останати трудови инвалиди кои се наоѓаат во Заводот за вработување како невработени, а со статус трудов инвалид ,истите лица немаат никакви права. И во тој однос направив една мала интервенција во однос на законот. Таму сте прочитале дека се работи за лица кои останале без работа, без нивна вина, а тоа значи се однесува на трите категории инвалиди, онаа категорија со намалена работна способност, со загубена и преостананата. Тоа се регулирани во член 41, 43 и 42 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.. Мислам. коректно е без разлика што Владата има дадено посебно мислење дека сепак пратеникот Бранко Арсовски прави квази пензионери. меѓутоа јас во суштина би се сложил, меѓутоа ако ние практично на претходната седница, односно во јуни месец не донесовме таков закон со кој ги прифативме трудовите инвалид меѓутоа само од овие два субјекта. Сега јас планирам да влезат 25-те загубари и сите оние други трудови инвалиди кои се наоѓаат во Заводот за вработување како невработени лица, со единствена цел и тие да бидат заштитени. Зошто давам еден таков предлог. Се сеќавате со промените на системот организациите на здружениот труд тогаш, сега претпријатија односно АД организации беа ослободени да бидат носители на социјална политика во државата. Што значи дека државата направи одредени инструменти одредени овие правни субјекти, стопански субјекти бидат во договарање ослободени од ваква социјална заштита, меѓутоа да бидат задолжени да партиципираат со одредени придонеси и материјал- ни средства во заштитата на оваа категорија граѓани за која државата ги презеде сите задолжувања и т.н. Во тој контекст мислам дека образложението на законот е јасно, многу мало, меѓутоа ако го

подржите овој закон мислам дека ќе направиме една голема хумана работа и ќе ги изедначиме сите трудови инвалиди во однос на правата во законот за пензиско и инвалидско осигурување. Предлагам пратениците да го подржат овој Предлог аз донесување на законот со тоа што би било на наредната седница да расправаме и за Предлог закон.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас имам спротивно мислење од предлагачот на законот и сакам да го подржам мислењето на Владата на Република Македонија во врска со овој закон, бидејќи сметам дека тоа е рационално и е во функција на позитивниот процес во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување каде што во последно време со поприсутен е трендот на балансирање на приходите и расходите во Фондот. сакам да Ве потсетам дека почнувајќи од 1994 година ова Собрание донесе повеќе измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување кои донесоа евидентни резултати консолидиран е Фондот и редовно се исплаќа пензијата, а исто така се исплати една заостаната пензија и мислам дека тој процес треба нормално да биде загрижен. Затоа и покрај осетливоста на прашањето и покрај целиот респект кон категоријата на граѓани и инвалиди на трудот за кои се предлага законот, морам да кажам дека со вакви адхок решенија не можам да се согласам, бидејќи тие можат да имаат негативни ефекти во финансиската состојба во Фондот. Некаде околу 260 милиони денари не се за потценување и мислам дека тоа може сериозно да ги наруши процесите во Фондот. Исто така со едно вакво решение кои инвалидите на трудот на кој работниот однос им престанал без нивна вина да го остваруваат паричниот надомест од Фондот,

мислам дека ќе го стимулира престанокот на работниот однос без вина на работникот бидејќи работодавецот нема никакви обврски спрема овие инвалиди на трудот. Тоа не значи дека ова прашање не треба да се решава, напротив, јас само сакам да укажам на штетноста доколку решението на ова прашање го бараме во законот аз пензиско и инвалидско осигуруваше. затоа посебно сакав да го потенцирам укажувањето на Владата на Република Македонија дека во тек се подготовките аз реформите на пензискиот систем со воведување на капитално фундиран пензиски систем при што соодветно место ќе имаат и правата на инвалидите на трудот. Се надевам дека ова не е само чиста декларација, дека не е така потврдува и тоа што двете фази како што спомнав се успешно заокружени во Фондот и се надевам дека преку оваа трета фаза нема да бидат заобиколени и правата на инвалидите на трудот. Значи јас ги повикувам пратениците од причините кои што ги наведов да не го подржат овој Предлог на закон.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, Предлог на закон имаме од пратеник , а тесно поврзан со пратеничко прашање што беше на оваа говорница пред десетина дена кое навистина предизвика и интерес на дел на вработени од оваа категорија Се сложувам со предлогот на предлагачот да оди во прва фаза законот од едноставна причина што навистина имавме категорија на работници кои по законот за загубари како специјален закон кој го донесовме во нашата држава некаде 1995 година, почетокот на 1995 година со важност од една година. Тука дел на лица , на вработени како инвалиди останаа со последниот Закон за измена за вработување и ден денеска тие се на товар на државата. Но, тие се на товар на Заводот за вработување.

Предлогот од колегата Бранко Арсовски го сметам како премногу широк за мене. Сметам во членот 63 став 2 може да се даде одредница да покрај вработените, трудовите инвалиди кои останале по сила на закон за стечај, ликвидација и по Законот за загубари. Фактички се дава една потесна рамка и дел од тие вработени да бидат опфатени. Не се сложувам со она изнесеното од претходниот колега дека таа бројка сега ќе биде 2500 . Таа бројка по овој Закон не официјално што можев да ја дознаеме некаде околу 700 трудови инвалиди кои ќе бидат опфатени , односно сега се во Заводот за вработуваше. Тоа е едната работа

Второ, бројката нема да биде 2 30, или 240 милиони денари колку што е изнесено овде. Од едноставна причина што и тие и денеска како што спомнав се на товар на Фондот за вработување, таму земаат надоместок. Едноставно тоа би било дислоцирање . Само ќе Ве фати Фондот за пензиско разликата помеѓу она што сега тие го земаат од Заводот за вработување до минималната пензија која би им следувала доколку бидат опфатени со овој член. Сметам дека добар е предлогот и добро е што оди во прва фаза, има можност да се размисли до наредната фаза со една ваква ограда би рекол не го подржувам она да створиме ние дупка во законот на некој начин, простор широко да се навлезе , тогаш држи образложението што е дадено и што го спомна колегата Атанасов дека ќе се наруши рамнотежата во Фондот сериозно. Вреди< да се провери оваа бројка, колку се по основ на овој закон за загубари останати и ми се чини нема рамнотежа. Ќе се направи една добрина од причина што видете, јас тогаш спомнав на говорница вака, произлегува според ова што е пишано во членот 63 став 2 подобро фирмата да отишла во стечај и тие инвалиди на трудот ќе беа опфатени. Но, директорите, субјектите се изборија фирмата да ја трансформираат

успешно . Сега дел на тие работници 15 иљјади се инвалиди . Тоа се луѓе навистина што ја изгубиле работната способност и нема теорија условно викам нема теорија да бидат вработени. Но, ќе сториме овде една добра работа, а нема да го нарушиме сериозно викам Фондот, ќе биде финансиски товар, но не сериозен. Јас мислам дека треба да се подржи законот во прва фаза , да се размисли во втората фаза.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, најнапред сакам да изразам една компарација на мое оценување во насока на тоа да предлогот на колегата Бранко Арсовски со предлогот за измени и дополнуваше на Законот за пензиско инвалидско осигуруваше е еден типичен пример преку афирмација на предлагачкото право на пратениците да се ефектуира со еден конкретен резултат во добивањето на целовитост и правичност во еден сегмент на социјално право , а тоа е паричниот надоместок на трудовите инвалиди. Вие се сеќавате, или ако не се сеќавате , да Ве потсетам , а исто така и претставникот на Владата дека во последните измени на Законот за пензиско и инвалидско осигурување од Владата беше на големо презентирањето и истакнувањето на новината на воведувањето на така да кажам проширување на ова социјално право на трудовите инвалиди кое беше ограничено на три години. И со последните измени фактички паричниот надоместок, односно материјал но социјалното обезбедување на трудовите инвалиди се и тие да биде неограничено до повторно вработување, или пензионирање.

**ПАНЧО МИНОВ: (**продолжение)

Условот за стекнување во претходно споменатиот член и како новина, што е за поздравување од страна на Владата што се предложи и усвои од Собранието, е ограничувањето само на оние работници трудови инвалиди кои останале невработени без вина со таков статус по основ на стечај и ликвидација.

Предлогот на г-динот Арсовски е во прилог да се донесе за целовитост и правичност, да не се однесува само за трудовите инвалиди кои само по основ на стечај и ликвидација останале без работа односно во заедницата за вработување и да го користат ова социјално право, меѓутоа, да се однесува за сите работници кои без своја вина, како од стечај и ликвидација, така и по основ на загубари и по основ на технолошки вишок да го користат ова право.

Јас како пратеник од конкретна општина, а повикувањето што го користеа и Арсовски и Атанасов е на тоа во секоја општина, а јас во мојата општина, сведок сум дека има повеќе лица од многуте претпријатија кои останале без работа по основ на технолошки вишок или по основ на загубари, пред с€ Фени-мак, односно ФЕНИ и кои се обесправени односно не се во рамноправна положба како и оние кои по основ на стечај и ликвидација останале без работа. Суштината на тоа и како Парламент треба да биде ние да се залагаме законите што ги донесуваме да имаат целовитост и да се однесуваат за сите граѓани од соодветна структура кои подеднакво ги исполнуваат условите да го остваруваат право, во конкретниот случај паричниот надоместок за трудови инвалиди до повторно вработување односно пензионирање.

Многу е неаргументирана, мислам дека нема издржливост на аргументите образложението што го искажаа, и во мислењето на Владата, г-динот Атанасов, за тоа што тука не се работи дали и колку во расходниот систем ова право ќе влијае како еден додаток на Фондот .

Ние како законодавен дом, кога донесуваме одреден пропис, кога во некоја одредба ги регулираме односите за одредено прашаше, во конкретниот случај прашањето за паричниот надомест за трудовите инвалиди, тоа се однесува подеднакво за сите категории трудови инвалиди. А дека тоа ќе предизвикува пасивизација на таквата структура на лица, дека тие ќе станат квази пензионери односно нема да се вработуваат, бидете сигурни дека кога би имале можност минимално да се вработат,кога би бирале меѓу тоа да го користат ова право или да работат повторно, сигурно ќе го изберат ова што значи вработување.

Сметам дека тука треба да се спомне од аспект на Парламент и законодавен дом и навистина во афирмацијата и стимулирањето на тоа што значи пред се пратеничка иницијатива во конкретниов случај, а ведно паралелно со тоа и афирмација на Парламентот овој закон да се прифати - ете и прва фаза е, кога ќе има можност и оние параметри на број на корисници, трошоци итн. да се испитаат и нормално дека пратеникот Бранко Арсовски немал можност такви податоци да даде, а овде веќе слушанвме две спротивни мислења за тоа колкав е бројот и со тоа колкави расходи ќе се јават, бидејќи претпоставувам дека пратеникот немал такви стручни надворешни соработници како што ги има Владата, но за тоа е прва фаза, во меѓувреме тоа да се испита.

Се работи и за една начелна работа која сакам да ја потенцирам, а врзана е со претходната расправа по Законот за измените и дополнување на законот за игрите на среќа, кога евидентно е испуштено уредување на одредени односи, заради што предлагачот овде се изјасни за соодветни измени, во конкретниот случај не можеш да утврдуваш услов за да добие лиценца и одобрение за игри на среќа, а да го условуваш да оди во инвестиции со неизвесност дали ќе добие. Со самото тоа кога Владата веќе прифати - правам една паралела - дека тој промашај со донесувањето на тој закон, сама увидувајќи го и осознавајќи го, го предлага во закон, со едно за мене несфатливо неприфаќање

на амандманот за еден член кој на затекнати вршители на забавни игри, кои Владата односно предлагачот со овој Парламент утврдува построги критериуми во делот на просторот, увидувајќи го и тоа како од праксата несфатливо за мене е како претставникот Стојановска конкретниот амандман не го прифати. Мислам дека треба да се има еден респект кон таквите предлози од пратениците кога се евидентни со факт и аргументи докажливи одредени состојби од праксата на извршувањето на законите, тогаш навистина во една парламентарна процедура воопшто не е греда одредена интервенција да се изврши. Таквите примери од тој закон во една насока кога се признава грешката или промашувањето во доуредувањето на прописите како што е во законот за игри на среќа, паралелно со овој закон треба да се прифати, без разлика што во конкретниот случај предлагачто е пратеник или амандманот кој исто така бил од пратеник исто така да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, кога го донесувавме законот за загубари заправо укажував на оваа категорија на инвалиди на трудот и мислам дека еве доаѓа на дневен ред дека оваа категорија после третата година ќе остане незаштитена. Мислам дека предлогот на колегата Бранко Арсовски треба да се доработи. Добро е што оди во две фази и на оваа категорија на работници да им се даде соодветен третман.

Бидејќи потекнувам од таква работана организација каде што инвалидите на трудот се почеста појава, мислам дека заедно со Рудниците Злетово и Паланка имаме доста голем број вакви работници, треба добро да се обмисли и оваа категорија да биде заштитена до

крајот на работниот век бидејќи нема организација која ќе даде повторно вработување на овие луѓе заради ниската квалификација и несоодветното образование.

Уште еднаш предлагам ние пратениците да дадеме виза да оди во втора фаза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, драги колеги, денес имаме пред нас еден предлог закон за донесување измени и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување од колегата пратеник, кој што го напаѓа членот 61 од Законот и нуди ново решение по овој закон. Ново решение кое ќе понуди социјално згрижување на една категорија на луѓе, граѓани, работници до Република Македонија, кои со Законот за загубарите донесен во 1994 година, останаа без работа како технолошки вишок. Во организациите кои беа во рамките на 23-те загубари, на раководниот тим најлесно му беше да ги прогласи како технолошки вишок трудовите инвалиди и тоа трудовите инвалиди од трета категорија, кои сеуште беа во работната организација. Со престанок на важењето на законот за загубари овие луѓе останаа без никаков паричен надоместок, останаа во Заводот за вработување без никакви можности понатаму да бидат работно ангажирани. Се работи за категорија на работни луѓе на возраст меѓу 45 и 55 години и работен стаж остварен од 18 години до 24 години, 11 месеци и 29 дена, така што не можат да се вклопат во законските решенија кои претходно ги понуди Владата со Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Добро е што предлагачот предлага предлогот да оди во две фази и јас ќе го поддржам од аспект што решението кое што го нуди е прешироко, преобемно, можеби треба понатаму да продолжи да се

договара со Владата и овој негов предлог да се стесни, како што рече колегата Ване Наумоски, да се сконцентрира само на 23 работници кои потекнуваат од 23-те загубари и во еден разумен рок овој закон да го донесеме, така што да оди во прилог и на оние луѓе работници кои останаа без работа, а повторувам немаат ама баш никакви можности за вработување.

Колегата Гоко Атанасов даде еден предлог при своето излагање, кој исто така е умесен, доколку не може да легнат на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, тогаш нека легнат на Фондот за вработување, но мислам парично да бидат згрижени до пензионирање, затоа што ако г вориме реално тие луѓе немаат можности за вработување, никој во денешно време нема да земе човек на возраст од 55 години, а веќе е трудов инвалид од III категорија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, постојното решение на законот не ја разрешува доволно социјалната сигурност на инвалидните лица. Затоа, овој предлог на закон на предлагачот пратеникот Бранко Арсовски е извонредно решение за овие лица од повеќе аспекти. Јас ќе напомнам дека доста од овие лица се со поодминати години, доста се истоштени и се принудени да работат. Меѓутоа, вие знаете дека ние не сме само социјално општество, туку градиме и едно пазарно стопанство, пазарно општество на кое наидуваме во ова ново време и дека мора да бидеме свесни дека овие луѓе со такви способности стопанските субјекти кои ги имаат таквите лица тешко ќе можат да бидат конкурентни на пазарот. Кога ќе се загрози опстанокот на такво претпријатие, да речеме можеби помало со повеќе такви работници, веројатно работодавецот ќе биде принуден да отпушти такви работници, за да ја спаси фирмата. Во тој

случај, нема кој друг да биде загрижен за овој слој на луѓе освен државата и ние мораме да внимаваме да не произведеме доста други социјални случаи. Мислам дека тука не се виновни тие луѓе и дека државата мора да понуди соодветно решение за да ги згрижи, бидејќи ако нема 25 години мислам дека навистина ќе стане социјален случај. Затоа е предвиден овој закон, точно оваа категорија на луѓе да ја одбрани и да не произведуваме социјални случаи. Државата со овој закон прави два добри ефекти - обезбедува социјална сигурност на овие лица и второ, извлекува дел од социјалната грижа на стопанството кога ќе се отворат нови можности за вработување на помлади, постручни и поспособни луѓе.

Од сите овие и слични аспекти што ги нуди законот, и од аспект што предлагач е еден од најкомпетентните пратеници за оваа област, претседателот на Комисијата за труд и социјална политика, пратеничката група на Социјалистичката партија апелира до пратениците да гласаат за предлогот за донесување на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, колегата Бранко Арсовски многу го почитувам и сметам дека за оваа област не самово оваа прилика туку и во други прилики даде значаен придонес во смисла на унапредување на оваа сфера, а и пошироко во смисла на една општественост или поопштествување на проблемите во областа на социјалата, социјалната политика и пензиското и инвалидско осигуруваше. Така го гледам и овој предлог и исто така се согласувам дека треба да оди во две фази. Повод да ни биде овој предлог и за пошироки размислувања во оваа област и ја сакам некои дилеми и свои грижи да ги поделам денес јавно.

Јас сум за згрижуваше на оваа категорија, за која г-динот Бранко Арсовски сега се залага, сум за тоа на сите оние на кои им е неопходна помош да им се даде, меѓутоа, ова го кажувам како пензионер бидејќи и самиот сум тоа.

Укажувам на една внимателност на ширењето на правата на пензиското и инвалидско осигурување. Македонија според сите предвидувања е дојдена до тој степен со овие права што се заканува реална опасност да пропадне целиот систем. Стручњак за овие прашања г-динот што сега во продолженија во весникот "Нова Македонија" ја објавува состојбата кај нас, тој укажува дека ваква состојба во пензиското и инвалидското осигурување во Македонија долго нема можности да издржи и јас би бил за тоа, паралелно со ова, да се направи една поширока анализа во Републиката околу состојбата во овие видови осигурување, во смисла на тоа дали има пречекорувања во смисла на инвалиднини кои тоа не се, во смисла на пензии кои не се достасани. Нешто друго да ви кажам. Јас сум за тоа секој што треба, по можност, да се осигура од страна на државата. Меѓутоа, како родител, мислам дека не би било добро родителите да бидат згрижени, а децата да останат на улица. Да мериме што е подобро, како општество и како перспектива. Да ни остане проблем сета млада генерација и тоа квалификувани со труд пред се на семејството и на општеството или да се згрижиме еве вака ние по"- старите, а целата младина да ни остане на улица.

Прифаќајќи го овој предлог, така да кажам, сакам да ви кажам и сакам да замолам малку поопстојно заедно со Владата и со сите субјекти, би рекол и со позицијата и со опозицијата, оваа проблематика поздраво да ја земеме в раце. Пред да биде доцна некои работи да видиме до каде се, до каде ни е јорганот за ширење на нозете".

VI/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Атанасов.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Јас нема да апелирам до Пратеничката група на СДСМ, меѓутоа, сакам да укажам само на една работа. Бидејќи од повеќе дискутанти бев спомнат во дискусијата, укажав само на тоа дека не е добро решението аз оваа категорија на граѓани и инвалиди на трудот да се бара во Законот за пензиско и инвалидско осигуруваше. Од кои причини, исто така кажав. Можеби повеќе го потенцирав аспектот на финансиската состојба во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Меѓутоа, доколку навистина сакаме да им помогнеме на овие луѓе и доколку навистина се залагаме да не ги скратуваме правата на некои други, исто така треба да се постави прашањето што со правата на оние работници - да не бидам погрешно сфатен од инвалидите на трудот - кои не се инвалиди на трудот, а кои останаа без работа со законот за загубарите. Дали и за нив треба да бараме место во Законот за ПИО.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Зибери, министер за труд и социјална политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и господа, дозволете ми накратко да се осврнам на предлогот за донесување на закон за измени и дополнување на законот за пензиско и инвалидско осигурување, патем и на расправата која се водеше по овој повод.

Уште на почетокот да кажам дека не се сомневам во добрите и искрени намери на предлагачот, да се најде решение со кое ќе биде материјално обезбедена една група на граѓани, кои како што стои во

членот со кој се предлага измената, без нивна вина останале без работа, а притоа се инвалиди на трудот односно инвалидноста ја стекнале додека работеле односно биле во работен однос. Во тоа не се сомневам, како што не се сомневам и во добрата намера на повеќето пратеници што на некој начин се обидуваа и да дадат поддршка и да изразат своја загриженост за оваа категорија граѓани. До овде ги разбирам,како што ваква намера постои и во Министерството за труд и социјална политика, а исто така и во Владата. Но едно не можам да сфатам што повеќето до пратениците се поставуваат од позицијата како да во Владата односно државата има изразени финансиски можности и сега е прашање само како да се најде решение како тоа финансиски да се изрази врз состојбата на оваа категорија граѓани. Не сакам погрешно да бидам сфатен, меѓутоа за состојбите во државата подеднакво се одговорни сите сегменти на власта, па оттука и Собранието. Што значи, кога се определуваме за вакви решенија, и кога се определуваме ваквите решенија да ги поддржуваме, во секој момент треба да го имаме предвид и фактот дали концепциски ова решение е издржано, дали финансиски може да се поткрепи.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:** (продолжение)

Во тој момент треба да го имаме во предвид фактот дали концепциски ова решение е издржано, дали финансиски може да се поткрепи и што значи во комплетниот систем за пензиско и инвалид-ко осигурување. Значи, само добрата намера да се згрижи една категорија на граѓани во случајот инвалиди на трудот, не е доволен аргумент за мериторно одлучуваше односно изјаснување по предлогот на законот. Тоа е едно.

Второ, се согласувам дека оваа категорија на граѓани треба да биде згрижена, но не се согласувам, како што не се согласува ни Владата со концептот кој се нуди преку Законот за пензиско и инвалидско осигурување да се бара решение по ова прашање. Тоа од концепциски аспект. Системски во светот е познато дека ваквите случаеви се решаваат на поинаков начин. Обврската за обезбедување средства за финансиска издршка односно згрижување паѓа на товар на работодавците за што токму работејќи кај работодавците тие граѓани ја имаат изгубено својата работоспособност и од тие причини во развиените земји, земји со развиена социјална политика постојат компензациони фондови за кои работодавците плаќаат премии за помирување на вакви обврски.

Јас, при една расправа околу измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување ви најавив дека во текот на 1998 година, треба да претстои комплетна реформа на пензискиот систем каде треба да се воведува и оваа практика, односно да се воведат компензациони фондови преку кои ќе се применуваат односно алиментираат обврските кон оваа категорија на граѓани.

Трето, земавме обврска и тенденција на системот е пензискиот систем што повеќе биде ослободен од социјалните елементи од

причина што не може државата да алиментира такви потреби кон граѓаните. Пензискиот систем треба да се претвори во капитална институција која не само што ќе ги подмирува обврските кон своите клиенти, туку ќе располага со финансии кои истите ќе може да ги пласира. До колку пензискиот систем, односно фонд се повеќе го оптоваруваме со вакви давачки, тогаш тој еден ден како што го сватив добронамерно г-динот Хисен Рамадани може да ни се случи да крахираме.

Од тие причини земји со развиен систем од порано поинаку ги решаваат овие прашања вклучувајќи го и проблемот за кој зборуваме денеска.

Често пати беше спомнато дека со измените кои ги направив- ме со Законот за пензиско и инвалидско осигурување само делумно го решивме проблемот со инвалидите на трудот и тоа само за таа категорија која остана без работа заради стечај односно ликвидација. Да, точно е тоа, меѓутоа се нема предвид фактот дека се работи за работници - инвалиди на трудот кои останаа без работа по основ на стечај односно ликвидација, но чии правни субјекти односно фирми престанаа понатаму да постојат и тие работници односно инвалиди на трудот веќе немаат субјект спрема кој би барале да ги подмируваат обврските односно евентуално да се вратат на работа. Тука е таа круцијална разлика што се прави и зошто беа причините да не се опфатат и останатите категории. Значи, ние ги издвоивме само тие инвалиди на трудот кај кои правниот субјект престана да постои.

Од тие причини, бидејќи работодавецот веќе не е во состојба да алиментира средства односно издвојува средства, не е во состојба бидејќи не постои не може ни перспективно повторно да ги врати на

работа тука државата ја презема одговорноста односно финансиски да ја поткрепува оваа категорија на граѓани.

Според податоците, за што патем беа спомнати од некои пратеници тука се спомнува бројка од 700 инвалиди на трудот. Не, според податоците што ги прибравме од евиденциите на бироата за вработување низ државава, нашата евиденција зборува за 2.531 инвалиди на трудот што значи евентуалното прифаќање вакво какво што е од страна на пратениците би значело дополнителна обврска на буџетот, бидејќи средствата би се алиментирале од буџетот во висина од 234 мили- они денари годишно, што сметаме дека е преголема обврска за да може буџетот односно државата да го прифати.

Од тие причини од причини што реков пред малку, претстои комплет реформа на системот каде ова прашање треба да се регулира системски преку основање на компензациони фондови и воведување на обврска за плаќање на премија од страна на работодавците, мислиме дека перспективно треба да се реши ова прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

Има збор г-динот Арсовски, предлагач на законот.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Прво, посебна благодарност до пратениците што го разбраа овој мој предлог на закон, бидејќи доста често настапувам и немам никаква задна позадина во рамките на овој закон, единствена намера ми беше сепак и оваа категорија на граѓани на некој начин има своја заштита без разлика дали имаме материјални средства или немаме материјални средства, туку ако се направат длабоки анализи можеби ќе имаме материјални средства и мојата намера беше јасна и децидна дека треба да го изедначиме статусот на социјалните права на одредена категорија во државата, бидејќи тоа уставно го кажавме дека секој граѓанин во

државата има подеднакви права во социјалната и економската свера. Во тој дел кога веќе оваа категорија на граѓани без нивна вина, а биле во процесот на производството, создавале доход и за едните и за другите, па и за сите други здрави категории на граѓани, меѓутоа, дошле во позиција на трудови инвалиди нормално е дека државата односно секоја социјална држава мора да води грижа за оваа категорија на граѓани.

Дали е местото сега во пензискиот систем прашање е само по себе, треба да се изврши анализа, меѓутоа, морам да признам и да кажам кога ја анализирав структурата на пензионерите во нашиот пензиски систем, да не ми се налутат некои пензионери, ние имаме многу квази пензионери таму гледано од многу аспекти. Ако ви кажам дека едно време донесовме таков закон за пензиско и инвалидско осигурување кога имавме и административни пензии со 25 години работен стаж, па тие пензионери земаа дури 90% од основицата на пензиското осигурување да не кажам привилегована пензија, а се наоѓаат во најголема физичка зрелост да можат психофизички доволно да дадат свој придонес во процесот на работата. На кој начин сега таа категорија на граѓани е валоризирана со материјални средства за да добива полна пензија, а има само 25 години работен стаж или 45 години старост. Тоа е големо прашање за анализа и тогаш би одговорил и на претседателот на Фондот и на другите колку е сега исправно, бидејќи овие граѓани имаат сериозни пензии, и ако се направи структура на висината на овие пензии ќе видите дека се работи за доста високи пензии, а овде се работи за минимум нешто.

Но, добро да го оставиме тоа прашање понатаму кое би можело да претрпи анализа, да не зборуваме за 46 илјади лица кои користат право на инвалидска пензија заради инвалидноста, утврдена инвалидност.

VII/5

Добро е што се постави прашањето, дали и тука имаме некои субјективизми во однос на оценка, проценка итн. Кога ќе се собере сето тоа што го имаме во пензискиот систем во пензискиот фонд, тогаш можеме да видиме дека сето ова што го предлагам за измена и дополнување на 2.510 трудови инвалиди од кои може да се направи одредена селекција нормално во рамките на самата структура, тогаш е капка во море во однос на она што го имаме. Меѓутоа, зборуваме за некои радикални промени. Јас се согласувам и го разбирам пензискиот систем на кој начин треба да го воспоставиме во државата, но дали сме кадри да направиме такви радикални промени во системот тоа е прашање кое треба да се анализира и да се воспостави заради многу причини. Во тој контекст лично предложив до носењето на некои радикални промени заради тоа што сме држава во транзиција, нарушени се економските и социјалните токови и во таа област оваа категорија е жртва на сите овие ситуации. Ние мораме сакале или не да направиме нешто преку државата и така предлагам буџетот да влезе во функционирањето оваа категорија да не биде на уште на постојните пензионери кои и така примаат минимална пензија.

Ги прифаќам сите овие предлози посебно образложението" од министерот, бидејќи знам дека логиката на размислувањето дека треба да ја заштитиме оваа категорија, постои. Гледам дека и Владата во своето образложение сака да ја заштити оваа категорија на граѓани.

Добро е да го поддржиме овој предлог за донесување на закон со тоа што јас како предлагач на законот да вклучам експерти во рамките на тој дел за да можеме, на некој начин, во наредната фаза да предложиме по соодветно решение дури и да направиме соодветна измена дали тоа

да биде во пензискиот систем или во Законот за вработување или некој друг закон. Меѓутоа, лично сметам дека би било добро, со тоа би создале една клима да го прифатиме предлогот за донесување на закон, а за еден месец до два месеци да го разрешиме овој проблем во однос на онаа правилна ориентација односно разрешување на проблемот во еден системски закон. Да не се залагаме да ги оставиме овие граѓани незаштитени, ќе бидеме нехумани спрема нив. Затоа предлагам една поддршка барем во првата фаза , а за втората фаза еве ќе настојувам да извршам некои исправки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој повеќе не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

2. Предлагачот на законот пратеникот Бранко Арсовски да изготви и на Собранието му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид предлозите и мислењата содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите со работните тела, предлозите и мислењата од расправата на седницата на Собранието, да се достави до предлагачот на законот.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (39)

Триесет и девет пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Кој се воздржува од гласање? (27)

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека сепак беше на граница некако ми е сомнително 39 пратеника, а само за двајца пратеници, барам поединечно гласаше, а кој е за поддршката нека крене рака. Ако имам поддршка во ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има поддршка од десет пратеници, го молам потсекретарот но пред да минеме на поединечно изјаснување деловничка интервенција на г-динот Бојков, имате право да кажете како ќе гласате и зошто така ќе гласате.

**ИВАН БОЈКОВ:**

Би сакал пред изјаснувањето да кажам зошто гласав и ќе гласам воздржано на гласањето што следи.

Јас претпоставував читајќи го законот дека предлагачот при предлагањето имал некои сознанија или решенија за реализација на овој евентуално донесен закон. Со последното излагаше тотално не фрапира, а кај мене создаде навистина недоразбирање, бидејќи рече буквално без разлика дали има средства или нема ако се направи анализа можеби ќе има средства. Од тоа што го кажа јас мислам дека сосема неодговорни би биле ако само заради добра намера донесеме закон, па без разлика дали има средства или нема, односно донесеме закон што можеби нема да се реализира и мислам дека последиците би биле несогледливи ако така постапиме. Од аспект на тоа дали има средства или нема, а од аспект можеби ќе има средства исто така е несериозно и авантура дури сега да правиме анализа дали ќе има средства или не, а законот да го ставиме во постапка и евентуално донесеме.

Се согласувам со предлогот на колегата Хисен Рамадани да се направи сеопфатна анализа на проблемите, состојбите на овој план и да се преземат соодветни мерки за разрешување на присутните проблеми. Од тие аспекти гласав и ќе гласам воздржам за едно вакво решение.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам заменикот на секретарот да помине на поединечно гласање.

**ЖИВКО ТОДОРОВСКИ:**

Прилог список за поединечно гласање.

VII/9

| | |
|---|---|
| 1. ФАИКАБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | не е тука |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | воздржан |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | не е тука |
| 9..ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | не е тука |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | не е тука |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | не е тука |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | воздржан |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | воздржан |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | за |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | не е тука |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | за |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | воздржан |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | воздржан |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | не е тука |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | воздржан |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | не е тука |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | за |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | воздржан |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |

| | |
|---|---|
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | за |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | за |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | воздржан |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | не е тука |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | воздржан |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | воздржан |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | воздржан |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | воздржан |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | не е тука |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | воздржан |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | не е тука |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | воздржан |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | воздржан |
| 51. РИСТО МАСЕВ | воздржан |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | не е тука |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | за |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | за |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | воздржан |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | воздржан |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | не е тука |
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | не е тука |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | за |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | не е тука |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | за |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | не е тука |
| 70. БОРИС ПАВЛОВ | за |
| 71. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | не е тука |
| 72. ТИТО ПЕТКОВСКИ | за |
| 73. МИРКО ПЕЦОВ | за |
| 74. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | воздржан |
| 75. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 76. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 77. НИКОЛА-Г. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 78. НИКОЛА-Р. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 79. АБДУРАУФ ПРУСИ | воздржан |
| 80. НАЏИ ПУРДЕ | не е тука |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | не е тука |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | воздржан |
| 85. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | не е тука |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | не е тука |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | не е тука |
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | за |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |

| | |
|---|---|
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | за |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | не е тука |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | за |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 109. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | за |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | воздржан |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | воздржан |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | воздржан |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | воздржан |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | не е тука |
| 119. ХИСНИ ШАЌИРИ | не е тука |

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вкупно гласале 66 пратеници.
За, гласале 31 пратеник,
Против 1 пратеник,
Воздржани 34 пратеници.
Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

Минуваме на точката 9. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност (РИО 1992), со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.
Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за биолошка разновидност (РИО 1992)..

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?
(58 пратеници)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Молам, колку пратеници се присутни во салата?
(Пратеници влегуваат во сапа).
Уште еднаш Предлогот на заклучокот го ставам на гласање?
Кој е за, молам да крене рака? (62 пратеници)
Дали има некој против? (Нема)
Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали тука некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање?

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата за биолошката разновидност (РИО 1992)..

Минуваме на точката 10 - Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот помеѓу Владата на државата Кувајт и Владата на Република Македонија за консолидација и репрограмирање на одредени долгови на Република Македонија спрема Кувајт, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниов заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот помеѓу владата на државата Кувајт и Владата на Република Македонија за консолидација и репрограмирање на одредени долгови на Република Македонија спрема Кувајт.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

(63 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (64 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Никој)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Договорот меѓу Владата на државата Кувајт и Владата на Република Македонија за консолидација и репрограмирање на одредени долговири на Република Македонија на спрема Кувајт.

Минуваме точката 11. - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд Скопје II - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

VIII/4.-

Констатирам дека Собранието ја разреши Снежана Геровска од функцијата судија на Основниот суд Скопје II - Скопје, по нејзино барање.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 77-та седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

(Седницата заврши со работа во 14,10 часот).